Република Македонија
**Министерство за економија - Биро за метрологија**

[redacted]

Влада на Република Македонија
Министерство за економи
Биро за метрологија

Бул.„Јане Сандански" 10
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. :(02) 2403676
Факс:(02) 2444677
bom@bom.gov.mk
www.bom.gov.mk

Согласно Законот за Возила („Сл.Весник на РМ" бр.140/08, 53/11, 123/12,153/12 и 70/13) чл.20 т.4 и чл.8, како и според Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Сл.Весник на РМ" бр.101/2013) чл.13, став 1, Бирото за метрологија донесе

## ОДЛУКА ЗА СТРУКТУРАТА, ФОНТОТ, ГОЛЕМИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИСКИТЕ ОЗНАКИ НА ШАСИЈАТА И/ИЛИ МОТОРОТ НА ВОЗИЛОТО

Член 1

Со оваа одлука се регулира структурата на идентификациските ознаки (идентификациска ознака на шасијата на возилото и идентификациска ознака на моторот) кои согласно Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Сл.Весник на РМ" бр.101/2013) ги доделува Бирото за метрологија, како Орган за одобрување, во постапката на одобрување возила и во постапките на идентификација и идентификација и оценка на техничката состојба на возилата.

Член 2

Со оваа одлука се утврдува и кои карактери се користат, нивната големина одделни детали поврзани со нивниот распоред и поставување.

Член 3

Со оваа одлука се утврдува и големината и начинот на втиснување, односно поставување на идентификациски ознаки во случаите кога Органот за одобрување не доделува нови ознаки, туку утврдува со кои претходни идентификациски ознаки возилото се одобрува (доколку се познати, а биле оштетени, или не постојат).

Член 4

Структура на идентификациската ознака на шасијата која се доделува од Органот за одобрување и значењето на одделните карактери е следната:

X XX XX X XXX

- X — (*)
- XX — Иницијали на производителот
- XX — Иницијали на земјата каде е произведено возилото
- X — Година на производство на возилото (се користат истите кодови согласно VIN структурата)
- XXX — Реден број на произведено ново возило од ист производител

(*) - А за ново произведено уникатно возило
- К за доделување на нова идентификациска ознака на користено возило

 [redacted]

- **Т** за доделување на идентификациска ознака за трактори и тракторски приколки во постапка на идентификација согласно член 52 од Законот за возила

**Забелешка:** За возилата за кои не е позната годината на производство се ставаат ознаките: NN.

Карактерите треба да бидат со висина од 6-10mm, исправени и со латинично писмо. Се втиснуваат на шасијата на возилото кое е неодвоиво, а истотака треба да биде на место кое е лесно видливо.

На почетокот и на крајот од индентификацискиот број се втиснува симболот ѕвезда * ( * X XX XX X X XX * ). Со тоа се означува почетокот на идентификацискиот број и крајот на истиот. Висината на овој симбол истотака е 6-10 mm.

Карактерите I, O, Q не се земаат во предвид поради можноста од нивно поистоветување со броевите 1 и 0.

Член 5

Структура на идентификациската ознака на моторот која се доделува од Органот за одобрување и значењето на одделните карактери е следната:

X XXXXX XXX

- X — (**)
- XXXXX — Ознаки на типот на моторот од неговиот производител
- XXX — Реден број

(**) - **M** означува мотор со внатрешно согорување
- **E** означува друг вид на погонски мотор (електромотор и слично)
- **Z** за доделување на идентификациска ознака за мотор за трактори во постапка на идентификација согласно член 52 од Законот за возила

Карактерите треба да бидат со висина од 3-10mm, исправени и со латинично писмо.

Идентификациската ознака може да биде распоредена во еден или повеќе редови на ист локалитет.

Идентификациската ознака на моторот се поставува на блокот на моторот на место кое е рамно и лесно видливо.

Поставувањето на идентификациската ознака на моторот може да биде директно со втиснување, или со еродивна метода (гравирање).

Идентификациските ознаки на моторот може да се поставaт и со користење на плочка, или налепница, оставени со заковување, лепење, или друга прикладна постапка.. Плочката, односно налепницата, како и средството за нивно прицврстување на блокот на моторот треба да бидат отпорни на температура и други влијанија својствени за местото на кое се поставуваат.

Доколку се користи плочка, или налепница, идентификационата ознака на моторот се нанесува на неа со пластична деформација (втиснување, или извлекување), со еродивна метода (гравирање), или со перфорирање.

Карактерите I, O, Q не се земаат во предвид поради можноста од нивно поистоветување со броевите 1 и 0.

Член 6

Големината и начинот на втиснување, односно поставување на идентификациски ознаки во случаите кога Органот за одобрување не доделува нови ознаки, туку утврдува со кои претходни идентификациски ознаки возилото се одобрува (доколку се познати, а биле оштетени, или не постојат) се исти како во случаите опишани во член 2 и член 3 од оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

Со денот на донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката на Министерство за економија – Биро за метрологија бр. 0303-1187 од 26.03.2009 година.

Директор,
М-р Димитар Парнарџиев

Република Македонија Министерство за економија Биро за метрологија Скопје